Врз основа на член 14 од Статутот на Здружението на граѓани Асоцијација за ГС1 стандарди ГС1 Македонија, Управниот одбор на ГС1 Македонија, на XXV-та седница одржана на 25.12.2019 година, донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на висината на пристапнината, членарината и надоместокот за користење на ГС1 бројот за 2020 година

Член 1

Висината на пристапнината, членарината и надоместокот за користење на ГС1 бројот во ГС1 Македонија за 2020 година изнесуваат:

/во денари/

| Категорија на членки | Капацитет на Баркодирање /Број на Артикли/ | Пристапнина Без ДДВ 18% | Членарина Без ДДВ 18% | Надомест за ГС1 број со ДДВ 18% | Вкупно за прва година (3+4+5) | Секоја наредна година (4+5) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Членки без ГС1 број | - | 15,000 | 3,500 | - | **18,500** | **3,500** |
| Членки со ГС1-13 број | 10 | 15,000 | 3,500 | 720 | **19,220** | **4,220** |
| | 100 | 15,000 | 3,500 | 4,130 | **22,630** | **7,630** |
| | 1,000 | 15,000 | 3,500 | 10,030 | **28,530** | **13,530** |
| | 10,000 | 15,000 | 3,500 | 18.290 | **36,790** | **21,790** |
| | 100,000 | 15,000 | 3,500 | 26,550 | **45,050** | **30,050** |
| Членки со ГС1-8 број | По артикал | - | - | 2,620 | **2,620** | **2,620** |

Член 2

Пристапнината се уплатува еднократно, при зачленувањето, а членарината и надоместокот за користење на ГС1 бројот се уплатува за секоја година на членување во ГС1 Македонија и користење на ГС1 бројот.

На пристапнината и членарината не се наплатува ДДВ од 18%.

На износот на надоместокот за користење на ГС1 бројот се наплатува ДДВ од 18%.

Сите горе наведени износи се уплатуваат на жиро сметката на ГС1 Македонија 200002024739774 - депонент Стопанска банка АД-Скопје.

Член 3

На барање на членката за проширување на капацитетот за баркодирање од било кој опсег (од 10 на 100, од 100 на 1.000, од 1.000 на 10.000, од 10.000 на 100.000 баркодирани артикли), се издава нов Единствен матичен ГС1 број. Членката е должна да ги подмирува обврските по основ на

годишна членарина и надоместокот за користење на ГС1 бројот за сите доделени ГС1 броеви.

Член 4

На барање на членката за проширување на капацитетот за баркодирање од ист опсег, се издава нов Единствен матичен ГС1 број. Членката е должна да ги подмирува обврските по основ на годишна членарина и надоместокот за користење на ГС1 бројот и за двата доделени ГС1 броја.

Член 5

Во сите случаи кога на барање на фирмата повторно се внесува фирмата во националниот и Меѓународниот регистар и се доделува Единствен матичен ГС1 број со нов компаниски префикс, или во случај на преземање на Единствениот матичен ГС1 број за баркодирање од друга фирма, дополнителната услуга за подготовка на комплетната документација изнесува 8.000 денари плус ДДВ од 18%.

Член 6

По барање на членката како дополнителна услуга, изработката на повеќе примероци на оригинална Плакета за Акредитација изнесува 200,00 денари по примерок, а изработката на Плакета за Акредитација со рамка изнесува 750,00 денари. На услугата се наплатува ДДВ од 18%.

Член 7

По барање на членката како дополнителна услуга, секое повторно издавање на оригинално Решение за доделениот Единствен матичен ГС1 број изнесува 620,00 денари, плус ДДВ од 18%.

Член 8

Членката која, согласно член 26 и член 28 од Статутот на ГС1 Македонија е исклучена од членство, доколку повторно сака да се зачлени и го реактивира стариот ГС1 број, должна е да плати двојно повисока пристапнина (30.000,00 денари) и да ги подмири сите заостанати обврски по основ на неплатена членарина и надоместок за користење на ГС1 бројот.

Член 9

Членката која по исклучувањето и бришењето од регистарот на членки, продолжи неовластено и без акредитација, т.е нелегално да го користи доделениот Единствен матичен ГС1 број, ќе биде правно и законски санкционирана, ќе го подмири надоместокот на штета во износ од 100.000 денари, а ГС1 Македонија ќе ги извести надлежните инспекциски органи, големите дистрибутивни куќи, големите синџири маркети и ќе објави на web сајтот на ГС1 Македонија и во Меѓународниот регистар GEPIR.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила од 01.01.2020 година и ќе биде објавена на web сајтот на ГС1 Македонија.

Претседател
на ГС1 Македонија
Симон НАУМОСКИ

Бр. 02-165/5
25.12.2019 година
Скопје